Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 2704/2023

Дата...09-01-2024

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Василево се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија – 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод, КО Ангелци, Општина Василево.** Вкупната должина на трасата изнесува 198 м и поминува низ дел од КП 1817 во КО Ангелци, Општина Василево. Должината на трасата за која што се издаваат Условите за планирање изнесува 190 м.

Останатиот дел од трасата навлегува во издадени Услови за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 0,5 MW на КП 1414,КП 1415,КП 1416 и КП 1417 во КО Ангелци, Општина Василево со тех. бр. Y16722.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y58723** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија – 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод во КО Ангелци, Општина Василево, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија – 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод, КО Ангелци, Општина Василево потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нивна основа.

5. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена водови за пренос на електрична енергија – 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод, КО Ангелци, Општина Василево, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Василево, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 56797 од 07.11.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија – 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод во КО Ангелци Општина Василево. Должината на трасата за која што се издаваат Условите за планирање изнесува 190 м.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија – 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод, КО Ангелци, Општина Василево и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2704/2023 од 25.12.2023 година.

Условите за планирање на просторот **со намена водови за пренос на електрична енергија – 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод во КО Ангелци, Општина Василево** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска